**20191432110**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јули 2019 година.

Бр. 08-3994/1
9 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите* („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19), во член 73 ставот (3) се менува и гласи:

„По исклучок од членот 58 став (5) од овој закон, на произведената количина на литар жесток алкохолен пијалак под услов годишното производство да не ја надминува количината од ставот (2) на овој член, ќе се применува следниот начин на плаќање на акциза:

1) 0,00 (нула) денари во првата година;
2) 10,00 денари во втората година;
3) 20,00 денари во третата година и
4) 30,00 денари од четвртата година па натаму сметано од датата на започнување на примена на овој закон.“.

Член 2

Во членот 122 став (1) зборовите: „15 јули 2019 година“ се заменуваат со зборовите: „1 ноември 2019 година“.

Член 3

Членот 127 се брише.

Член 4

Во членот 130 зборовите: „15 јули 2019 година“ се заменуваат со зборовите: „1 ноември 2019 година“.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија